# ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ И КОЛАЧИЊА

## КРАТОК ПРЕГЛЕД НА НАШАТА ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ И КОЛАЧИЊА

1. **КОИ СМЕ НИЕ.** Ние сме **ИТХР Македонија ДООЕЛ Скопје** и Industria de Diseño Textil, S.A. (Inditex, S.A.), S.A. и ги обработуваме вашите лични податоци како *здружени контролори*. Тоа значи дека ние сме заеднички одговорни за тоа како ги обработуваме и заштитуваме вашите податоци. Видете повеќе.

2. **ЗА ШТО ГИ КОРИСТИМЕ ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ.** Вашите податоци (прибрани на интернет или лично), покрај другите цели, ќе ги користиме **за управување со вашата регистрација** како корисник, **за управување со вашите купувања** на производи или услуги, да одговориме на вашите прашања, и ако сакате, да ви испраќаме кориснички прилагодени комуникации. Видете повеќе.

3. **ЗОШТО ГИ КОРИСТИМЕ ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ.** Имаме законска основа да ги обработуваме вашите податоци од различни причини. Главната причина е што потребно е да ги обработиме вашите податоци за да го **реализираме договорот** што го прифаќате со нас кога ќе се регистрирате и кога ќе купите нешто или кога уживате во некоја од нашите услуги или функции. Исто така, вашите податоци ги користиме заради други причини, на пример, да одговориме на вашите прашања или да ви испраќаме билтени што сте побарале да ги добивате од нас. Видете повеќе.

4. **СО КОГО ГИ СПОДЕЛУВАМЕ ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ.** Вашите податоци ги споделуваме со даватели на услуги кои ни овозможуваат помош или поддршка, а тоа се компании во групацијата Inditex или даватели на услуги кои се трети страни. Видете повеќе.

5. **ВАШИТЕ ПРАВА.** Имате право да пристапите до вашите лични податоци, да ги исправите или да ги избришете. Во одредени случаи, имате и други права, како на пример, да ни се спротивставите во користењето на вашите податоци или пренесувањето на вашите податоци, како што е детално објаснето подолу. Видете повеќе.

Ве поттикнуваме да ја прочитате нашата целосна **Политика на приватност и колачиња** подолу за целосно да го разберете начинот на кој ние ќе ги користиме вашите лични податоци и правата над вашите податоци.

# ПРЕД ДА ЗАПОЧНЕТЕ…

- Во оваа **Политика на приватност и колачиња**, ќе ги најдете **сите релевантни информации** што се однесуваат на нашата употреба на личните податоци на нашите корисници и потрошувачи, **без разлика на каналот или средствата (онлајн или лично)** што ги користите за да комуницирате со нас.

- Доколу сакате да се информирате за тоа како ги користиме колачињата и сличните уреди кои може да се инсталираат на терминалите на нашите потрошувачи и корисници, предлагаме да ја разгледате Политиката за колачиња.

- **Ние сме транспарентни** во однос на она што го правиме со вашите лични податоци, за да ви помогнеме да ги разберете последиците од начинот на кој ги користиме вашите податоци и правата кои ги имате во однос на вашите податоци:

  - **Трајно** ги правиме достапни за вас сите информации вклучени во оваа Политика за приватност и колачиња, која можете да ја проверите кога сметате дека е соодветно, а покрај тоа,

  - исто така ќе најдете **понатамошни информации** за тоа како ги користиме вашите податоци **додека комуницирате со нас**.

- Ова се некои поими што вообичаено ги користиме во оваа Политика за приватност и колачиња:

  - Кога зборуваме за нашата **Платформа**, главно се повикуваме на кој било од каналите или средствата, дигитални или персонални, кои можеби сте ги користеле да комуницирате со нас. Главните се:

    - Нашата **веб-локација**.

    - Нашата **апликација**, вклучувајќи ја мобилната апликација која ја инсталиравте на вашиот уред и други кои може да ги користиме на нашата Платформа.

    - Лично, во која било од нашите **физички продавници**.

# 1. КОЈ ГИ КОНТРОЛИРА ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ?

Вашите податоци ги контролираат:

- **ИТХР Македонија ДООЕЛ Скопје**, компанија која моментално работи во Северна Македонија со продажба на производи од брендот ZARA („ZARA СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“):

  - Поштенска адреса: бул. Партизански одреди бр. 15А Скопје, Република Северна Македонија.
  - Е-пошта на службеник за заштита на податоци: dataprotection@zara.com

- **INDUSTRIA DE DISEÑO TEXTIL,** S.A. (INDITEX, S.A.), S.A. ("INDITEX"):

  - Поштенска адреса: Avda. de la Diputación, Edificio Inditex, 15143, Arteixo (A Coruña), Шпанија.
  - Е-пошта на службеник за заштита на податоци: dataprotection@zara.com

Со други зборови, ZARA СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА и INDITEX (здружени „Ние“, „Нас“ или „Здружени контролори“), се **Здружени контролори** на податоците. Ова значи дека сме ги регулирале и заеднички сме одговорни за обработката и заштитата на вашите лични податоци.

## 2. ЗОШТО ГИ ПРОЦЕСИРАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ?

Во зависност од целта за која ги обработуваме вашите податоци, од време на време, како што е објаснето подолу, обработуваме и други податоци, кои, **во зависност од секој случај**, генерално ќе бидат следниве:

- вашите **податоци за идентитетот** (вашето име, презиме, слика, адреса на е-пошта, адреса, телефон, јазик и пазар од кој комуницирате со нас, податоци за контакт.);
- **економски и трансакциски информации** (податоци за вашите плаќања или картичка, информации за вашите купувања, нарачки, враќања.);
- податоци за **конекција, геолокацијаи/илипребарување на интернет** (на пример, податоци за локацијата, идентификацискиот број на уредот или рекламната ID-адреса поврзана со уредот итн.); **комерцијални** информации (ако сте се претплатиле на нашиот билтен),
- информации за вашите **вкусови и преференции**.
- **може да бидат** неопходни посебни категории на податоци (на пр. здравствени податоци во случаи кога е неопходно да се управуваат со одредени инциденти како што се оние поврзани со козметичките производи).

Запомнете дека кога ве замолуваме да ги пополните вашите лични податоци за пристап до каква било функција или услуга на Платформата, ќе означиме одредени полиња како *задолжителни*, бидејќи ова се информации што ни требаат за да ги обезбедиме услугите или да ви обезбедиме пристап до соодветната функција. Имајте предвид дека ако одлучите да не ни ги обезбедите тие податоци, можеби нема да можете да ја комплетирате вашата регистрација како корисник или можеби нема да можете да ги уживате тие услуги или функции.

Во конкретни случаи, можно е трета страна да ни дала информации за вас користејќи функција или услуга на платформата, на пример праќајќи ви картичка за подарок или испраќајќи нарачка на вашата адреса. Во овие случаи, ги процесираме само вашите податоци што се релевантни за функцијата или услугата, како што е наведено во оваа Политика за приватност и колачиња.

Во други случаи, може да собираме информации пасивно, бидејќи може да користиме алатки за следење, како колачиња за пребарувач и друга слична технологија на нашата Платформа и во соопштенијата кои ви ги испраќаме.

Во зависност од тоа како комуницирате со нашата Платформа, т.е. во зависност од услугите, производите или функциите што сакате да ги уживате, ние ќе ги обработуваме вашите лични податоци за следниве цели:

| ЦЕЛ | + информации |
|---|---|
| **1.** Да управуваме со **вашата регистрација како корисник на Платформата** | Доколку решите да бидете регистриран корисник на нашата Платформа, треба да ги процесираме вашите податоци за да ве **идентификуваме како корисник** на Платформата и да ви **овозможиме пристап** до нејзините различни функции, производи и услуги кои ви се достапни како регистриран корисник. Може да го откажете вашиот регистриран кориснички профил со тоа што ќе ни се обратите преку Службата за клиенти.<br><br>Со ова ве информираме дека податоците кои ги собираме и се поврзани со вашата активност, собрани преку различните канали на Платформата и кои ги опфаќаат набавките што сте ги направиле, ќе останат поврзани со вашиот профил за да може да се прегледаат заедно сите информации. |
| **2.** За **развој, реализирање и извршување на договорот за купување или услуги** кој го | Оваа цел вклучува обработка на вашите податоци, главно:<br><br>▪ **За да ви се обратиме** за ажурирања или информативни известувања **поврзани со договорните функции, производи или услуги**, вклучувајќи **истражувања за квалитет** и да може |

| ЦЕЛ | + информации |
|---|---|
| склучивте со нас на Платформата. | да го утврдиме степенот на задоволство на клиентите од дадената услуга;<br><br>▪ **За управување со плаќањата** за производите што ги купувате, без оглед на постапката за плаќање што сте ја користеле. На пример:<br><br>▪ Доколку при купување на некој од нашите производи преку веб-локацијата или апликацијата одлучите да ја активирате функцијата за **зачувување на податоците за плаќање и адресата за достава** за идни купувања (каде што оваа функција е достапна), треба да ги обработиме посочените податоци за активирање и развој на таа функција. Согласноста за активирање на оваа функција овозможува автоматски пополнетите податоци за плаќање да се појават при понатамошните купувања, така што нема да треба да ги внесувате при секој нов процес, а овие податоци ќе се сметаат за валидни и ефективни за понатамошните купувања. Може да ги менувате или откажувате податоците за плаќање во секое време преку делот за информации за плаќање, на профилот регистриран на нашата веб-локација или преку делот „Мој профил“ на апликацијата.<br><br>▪ За активирање на механизмите потребни **да се спречат и детектираат неовластени употреби на Платформата** (на пример, за време на процесите на купување и поврат) како и **потенцијална измама која би можела да се направи против вас и/или против нас.** Доколку сметаме дека трансакцијата би можела да биде лажна или детектираме абнормално однесување кое укажува на обид за измамничка употреба на нашите функции, производи или услуги, овој процес може да резултира со последици како блокирање на трансакцијата или бришење на корисничката сметка.<br><br>▪ За управување со потенцијални замени или **враќања** на производи по купување и управување со **барања за информации за достапност на производи**, во зависност од достапноста на ваквите опции одвреме-навреме.<br><br>▪ За фактурирање и да ви ги ставиме на располагање сметките и фактурите од купувањата што сте ги направиле преку Платформата.<br><br>▪ За гарантирање дека може да користите **други достапни функции или услуги**, како што се купување, сметка, управување и користење на **Картичка за подарок**, и овозможување пристап и користење на **Wi-Fi мрежата** која ја ставаме на располагање на нашите корисници во физичките продавници.<br><br>▪ За да можеме преку Апликацијата да ви нудиме конкретни услуги (како наоѓање артикл, резервирање соблекувална итн.) достапни во одредени физички продавници, можно е да ги процесираме вашата локација и податоци за контакт.<br><br>▪ Конечно, можеме да ги обработуваме вашите податоци за исполнување на сите законски обврски кои можат да бидат применливи. |

| ЦЕЛ | + информации |
|---|---|
| **3.** За да одговориме на барањата или молбите кои ги правите преку каналите за **Поддршка на клиенти** | Ги обработуваме само личните податоци што се **строго неопходни** за управување или решавање на вашето барање или прашање.<br><br>Доколку ни се обратите телефонски, возможно е повикот да се снима за проверка на квалитет и за да може да ви одговориме на барањето.<br><br>Доколку е на располагање и доколку изберете да користите WhatsApp како канал за комуницирање со Корисничката поддршка, ќе го споделиме вашиот телефонски број со WhatsApp Inc. (компанија лоцирана во САД) за да потврдиме дека сте корисник на оваа услуга. Препорачуваме да ги прегледате вашите нагодувања за приватност и да ја прочитате политиката за приватност на WhatsApp за подетално да се информирате за тоа како WhatsApp ги користи личните податоци на корисниците на нивните услуги.<br><br>Доколку е на располагање и доколку изберете да комуницирате со Корисничката поддршка преку услугата за допишување на некоја социјална мрежа или друг соработник, некои од вашите лични податоци, како вашето име или корисничко име, ќе бидат преземени од вашиот профил на социјалната мрежа или соработникот. Исто така, запомнете дека податоците кои ќе ги доставите на овој уред ќе бидат достапни на вашата социјална мрежа или на вашиот соработник и ќе подлежат на нивните политики за приватност, па затоа препорачуваме да ги прегледате вашите нагодувања за приватност и да ја прочитате политиката за приватност на вашата социјална мрежа или соработник за подетално да се информирате за тоа како тие ги користат вашите лични податоци при користење на нивните услуги. |
| **4.** За **маркетиншки цели.** | Оваа цел вклучува обработка на вашите податоци главно за:<br><br>▪ Персонализирањена услугите кои ги нудиме и овозможувањеда ви даваме препораки засновани врз вашите интеракции со нас на Платформата и анализа на вашиот кориснички профил (на пример, врз основа на историјата на купување и прелистување).<br><br>▪ Ако и кога ќе се претплатите на нашиот билтен ние ќе ги обработиме вашите лични податоци за да **управуваме со вашата претплата**, вклучително и да **испраќаме прилагодени информации** за нашите производи или услуги на разни начини (како што се електронска пошта или СМС). Исто така, овие информации може да ви бидат достапни преку „push“ известувања, доколку ги активирате во вашиот уред.<br><br>    ▪ Соодветно на тоа, имајте предвид дека оваа обработка на податоци подразбира **анализа на вашиот профил на корисник или клиент** за утврдување на вашите преференции и кои производи и услуги се најпогодни за вашиот стил при испраќање информации. На пример, врз основа на историјата на вашите купувања и вашиот прелистувач (т.е., во зависност од написите на кои сте кликнале), ќе ви предлагаме производи за кои веруваме дека може да ве интересираат и, ако сте регистриран корисник, ќе ви ја обезбедиме функцијата „врати количка“.<br><br>    ▪ Запомнете дека **во секое време може да ја откажете претплатата на билтенот** без никаков трошок, преку делот „Билтен“ на Платформата, покрај можноста да го сторите тоа и преку упатствата кои ви ги испраќаме со секое известување. |

| ЦЕЛ | + информации |
|---|---|
| | Ако не сакате да добивате „push“ известувања, можете да ја деактивирате оваа опција во вашиот уред.<br><br>▪ Да ви покажуваме **реклами на Интернет** кои би можеле да ги видите при посетата на веб-локации и апликации, на пример, на социјалните мрежи. Рекламите кои ќе ги гледате може да бидат случајни, но во други прилики може да има реклами поврзани со преференциите или историјата на купување и прелистување.<br><br>▪ Доколку користите социјални мрежи, можно е да им дадеме одредени информации на компаниите со кои соработуваме за да може да ви покажуваат реклами од нашиот бренд, и воопштено, да ви нудат вам и на вам сличните корисници реклами кои го земаат предвид вашиот профил на дадените социјални мрежи. Доколку сакате информации за користењето на вашите податоци и за тоа како функционира рекламирањето на социјалните мрежи, препорачуваме да ги прегледате политиките за приватност на социјалните мрежи на кои имате профили.<br><br>▪ Исто така, ги користиме вашите податоци при правењето анализи на мерење и сегменти на рекламите кои им ги покажуваме на корисниците на некои од платформите на нашите соработници. За да го постигнеме тоа, користиме трети страни кои ни ја нудат потребната технологија (на пример, колачиња, пиксели, опрема за софтверски развој) за користење на овие услуги. Запомнете дека, иако не даваме идентификациски лични податоци на овие соработници, сепак секогаш им даваме одредена форма на идентификатор (на пример, реламната ID-адреса поврзана со уредот, идентификатор поврзан со колаче итн.) Доколку би сакале повеќе информации во овој поглед, прегледајте ја Политиката за колачиња. Слично, ќе може да ја ресетирате вашата реламна ID-адреса или да ги онеспособите персонализираните реклами на уредот, доколку ги приспособите преференциите во делот за поставувања на вашиот уред.<br><br>▪ Обогатување со податоци: Кога ги прибираме вашите лични информации од различни извори, можно е да ги здружиме под одредени околности со цел подобрување на нашето разбирање за вашите потреби и преференции поврзани со нашите производи и услуги (вклучувајќи за целите на анализи, генерирање кориснички профили, маркетинг истражувања, анкети за квалитет и подобрување на интеракциите со корисниците). Ова се однесува, на пример, на начинот на кој може да ги комбинираме вашите информации доколку имате регистриран профил и, користејќи ја истата е-пошта поврзана со вашиот профил, купувате како гостин, или на информации кои се автоматски собрани (како IP и MAC адреси или мета податоци) кои би можеле да ги поврземе со информациите кои сте ни ги дале директно преку вашата активност на Платформата или во која било од нашите продавници (на пример информации поврзани со купувања, било да е тоа во физички продавници или преку интернет, вашите преференции итн.).<br><br>▪ За вршење на **промотивни активности** (на пример, за организирање на наградни игри или за испраќање на листи со |

| ЦЕЛ | + информации |
|---|---|
| | зачувани производи, или само еден производ, на вашата назначена е-пошта). Кога учествувате во каква било промотивна активност, вие нè овластувате да ги обработуваме личните податоци што сте ги споделиле со нас во зависност од промотивната акција и да ги откриваме преку различни медиуми, какви што се социјалните мрежи или самата Платформа. Во секоја промотивна акција во која учествувате, ќе ги имате на располагање условите каде ќе ви дадеме подетални информации за обработката на вашите лични податоци<br>▪ За споделување на Платформата или преку нашите канали на социјалните мрежи на фотографии или слики кои јавно сте ги споделиле, под услов експлицитно да ни дадете согласност за таа цел. |
| **5. За да ви бидат достапни функциите за вештачка интелигенција (ВИ)** | Ако одлучите да го користите нашиот Помошник, ние ќе ги обработиме личните податоци што се строго неопходни, вклучувајќи ги и оние што ги доставувате во Помошникот (како текст, слики или глас) со цел да одговориме на вашите барања на персонализиран начин и да го подобриме вашето искуство со прелистување и купување.<br>Ако имате какви било прашања за Грижа за корисници, ние ќе ги обработиме вашите податоци за да одговориме на барањето.<br>Ако изберете да ја користите функционалноста Пробај, ние ќе ги обработиме сите слики што ќе ни ги доставите за да создадеме аватар и да ви покажеме симулација за тоа како одредени производи може да се појават на вас. |
| **6. Анализа на употребливост и квалитет** за подобрување на нашите услуги | Ако пристапите на нашата Платформа, ве известуваме дека сите податоци од пребарувањето ќе ги обработиме за **аналитички и статистички цели**, т.е. да го разбереме начинот на кој корисниците комуницираат со нашата Платформа и со постапките кои ги спроведуваме на други веб-локации и апликации, за да може да ги подобруваме нашите услуги.<br>Покрај тоа, повремено изведуваме **истражувања и активности за квалитет** за да го знаеме степенот на задоволство на нашите клиенти и корисници и да ги откриеме оние области во кои може да се подобриме. |

## 3. КАКО НИ Е ЗАКОНСКИ ДОЗВОЛЕНО ДА ГИ ОБРАБОТУВАМЕ ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ?

Законските услови според кои ни е дозволено да ги обработуваме вашите лични податоци, исто така, зависат од целта за која ги обработуваме, како што е објаснето во следната табела:

| Цел | Правен статус |
|---|---|
| **1. За управување со вашата корисничка регистрација на Платформата** | Ги обработуваме вашите податоци затоа што тоа е **потребно според условите кои го регулираат користењето на Платформата**. Со други зборови, за да можете да се регистрирате како корисник на Платформата, треба да ги обработиме вашите лични податоци, бидејќи во спротивно не би можеле да управуваме со вашата регистрација.<br><br>Сметаме дека имаме **легитимен интерес** да ги поврземе за вашиот профил, вашите набавки и податоците за вашата активност собрани преку различните канали на Платформата.<br><br>Исто така, доколку ни дадете ваша согласност кога патувате на друга територија, ние ќе ги споделиме вашите податоци за идентификација и контакт податоци за да креираме или синхронизираме профил за вас во територијата што ја посетувате. |
| **2. Развој, изведба и правење договор за купување или услуги** | Ги обработуваме вашите податоци, затоа што нивната обработка е потребна за да можеме да **го направиме договорот за купување или услуги** со вас.<br><br>Одредена обработка на податоците поврзана со процесот на купување се активира само по ваше барање или овластување, како што е случајот со складирање на податоците за плаќање за идни купувања или за да ве информираме за достапноста на нашите производи (каде што овие функции се достапни). Во овие случаи, нашата обработка на вашите податоци е поддржана со ваша сопствена **согласност**. Покрај ова, ги процесираме податоците за вашата локација кога ќе ни одобрите за да ви понудиме специфични услуги преку Апликацијата кога посетувате некои од нашите физички продавници.<br><br>Сметаме дека имаме **легитимен интерес** да ги спроведеме потребните проверки за откривање и спречување на потенцијална измама или лажна употреба на Платформата, на пример при купување или враќање или да ја анализираме ефикасноста на неколку услуги вклучени во Платформата, како на пример алатката Предлагач за големина. Разбираме дека процесирањето на овие податоци е позитивно за сите вклучени страни: за вас, бидејќи ни дозволува да воспоставиме мерки за заштита од обиди за измама од трети страни ; за Нас, бидејќи ни дозволува да ги одбегнеме неовластените употреби на Платформата; за сите наши клиенти и општеството, бидејќи исто така го заштитува нивниот интерес со тоа што уверува дека измамничките активности се обесхрабрени и откриени кога ќе се случат. |
| **3. Грижа за корисници** | Сметаме дека имаме **легитимен интерес** да одговориме на барањата или прашањата од ваша страна преку постојните разни канали за контакт. Разбираме дека обработката на овие податоци е исто така корисна за вас до тој степен што ни овозможува соодветно да ви помогнеме и да одговориме на поставените прашања.<br><br>Кога стапувате во контакт со нас, особено за управување со инциденти поврзани со ваша нарачка или производ/услуга добиена преку Платформата, обработката на вашите податоци е неопходна **за да се реализира договорот за купување.**<br><br>Кога вашето прашање е поврзано со остварувањето на вашите права за кои ве информираме подолу или жалби во врска со нашите |

| Цел | Правен статус |
|---|---|
| | производи или услуги, законски ни е дозволено да ги обработуваме вашите податоци **за исполнување на нашите законски обврски**.<br><br>Во некои случаи, поврзани со тврдењата за производи, може да биде неопходно обработката на податоците да се изврши за да се обезбеди јавниот интерес за јавното здравје. |
| **4. Маркетинг** | Законски ни е дозволено да ги обработуваме вашите податоци за маркетиншки цели според **согласноста** што ни ја давате, на пример, кога прифаќате да примате приспособени информации преку повеќе канали, кога прифаќате да примате „push“ известувања на вашиот уред кога ќе ги наместите нагодувањата за приватност на вашиот уред, кога ќе се согласите преку нагодувањата за колачиња или при прифаќање на законските услови за учество во промотивна акција или да ги објавувате вашите слики на Платформата или на каналите на нашите социјални мрежи.<br><br>За да ви понудиме персонализирани услуги или да ви покажуваме приспособени информации, било на нашата Платформа или на трети страни, исто така и за вклучување во обогатување со податоци, сметаме дека имаме легитимен интерес да извршиме профилирање со информациите што ги имаме за вас (како што е вашето пребарување, преференции или историја на купување) и личните податоци што сте ни ги доставиле, како што се возраст или јазик, бидејќи разбираме дека обработката на овие податоци е исто така корисна за вас затоа што ви овозможува да го подобрите вашето корисничко искуство и да пристапите до информациите во согласност со преференциите. |
| **5. За да ви бидат достапни функциите за вештачка интелигенција (ВИ)** | Сметаме дека имаме легитимен интерес да ги обработиме податоците што ги внесувате во алатката Помошник за да ви го олесниме пристапот до неговите карактеристики—како што се пребарувачот, грижата за корисници и функционалноста Пробај—и да го оптимизираме вашето корисничко искуство.<br><br>Ние разбираме дека оваа обработка може да биде корисна за вас, бидејќи ни овозможува да понудиме поефикасна, поквалитетна услуга прилагодена на вашите потреби. |
| **6. Анализа на употребливост и квалитет** | Сметаме дека имаме **легитимен интерес** да ја анализираме употребливоста на Платформата и степенот на задоволство на корисниците, бидејќи разбираме дека обработката на овие податоци е исто така корисна за вас затоа што целта е да се подобри корисничкото искуство и да се обезбеди поквалитетна услуга. |

## 4. КОЛКУ ДОЛГО ЌЕ ГИ ЧУВАМЕ ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ?

**Времето во кое ќе ги чуваме** вашите податоци зависи од целите за кои ги обработуваме, според објаснувањето подолу:

| Цел | Период на чување на податоците |
|---|---|
| **1. За управување со вашата корисничка регистрација на Платформата** | Вашите податоци ќе ги обработуваме во периодот во кој ќе бидете регистриран корисник (значи, сè додека не одлучите да се откажете). |
| **2. Развој, изведба и извршување на договор за купување или услуги** | Вашите податоци ќе ги обработуваме во период кој е потребен за да управувате со купувањето на производите или услугите, вклучувајќи и потенцијално враќање, поплаки или побарувања поврзани со купување на предметниот производ или услуга.<br><br>Понекогаш, податоците ќе ги обработуваме само до моментот за кој вие ќе одлучите, како што е случајот со податоците за плаќање што сте побарале да ги чувате за идните купувања (каде што оваа функција е достапна). |
| **3. Грижа за корисници** | Вашите податоци ќе ги обработуваме за времето потребно за исполнување на вашето барање или апликација, како и за времето утврдено во прописите кои можат да важат во секој случај. |
| **4. Маркетинг** | Вашите податоци ќе ги обработуваме сè додека не ја откажете претплатата за билтенот.<br><br>Исто така, ќе ви прикажуваме персонализирани реклами сè додека не ги промените нагодувањата на вашиот уред, пребарувач и/или нагодувањата за колачиња со што дозволата да го правиме тоа ќе биде поништена.<br><br>Доколку учествувате во промотивни активности, податоците ќе ги чуваме за период од шест (6) месеци од крајот на акцијата. |
| **5. За да ви бидат достапни функциите за вештачка интелигенција (ВИ)** | Ќе ги обработиме личните податоци што ги давате во Помошникот само за времето потребно за да ви ја обезбедиме бараната услуга, како што е наведено подолу.<br><br>При користење на пребарувачот на производи, личните податоци ќе се чуваат исклучиво за време на траењето на вашата активна сесија, по што автоматски ќе бидат избришани.<br><br>За прашања за Грижа на корисници, ние ќе ги задржиме вашите податоци за времето потребно за обработка на барањето или апликацијата.<br><br>При користење на функционалноста Пробај, сликите што ќе ги испратите ќе бидат обработени исклучиво за создавање на вашиот аватар за време на процесот на креирање и автоматски ќе бидат избришани откако аватарот ќе биде креиран.<br><br>Аватарот генериран за прегледување производи ќе се зачува на следниов начин:<br><br>i. За регистрирани корисници: Ако имате корисничка сметка на Zara, аватарот ќе биде зачуван во вашата сметка за максимален период од една (1) година. По овој период, вашиот аватар автоматски ќе биде избришан, освен ако не сте се согласиле за негово зачувување за дополнителна година; или во случај кога ќе одлучите да го избришете од вашата сметка. |

| Цел | Период на чување на податоците |
|---|---|
| | ii. За нерегистрирани корисници: Ако немате сметка на Zara, вашиот аватар ќе биде зачуван само до 24 часа. По овој период, аватарот автоматски ќе биде избришан и ќе треба да креирате нов аватар за да продолжите да ја користите нашата услуга. |
| **6. Анализа на употребливост и квалитет** | Повремено ќе ги обработуваме вашите податоци во период кој е потребен за да извршиме конкретно дејство или истражување за квалитет или додека не ги направиме анонимни вашите податоци за пребарување. |

И покрај фактот што вашите податоци ќе ги обработуваме во период кој е строго неопходен за да ја постигнеме предметната цел, последователно ќе ги чуваме соодветно заштитени во времетраење во кое може да произлезе одговорност за нивна обработка, во согласност со законодавството во сила од време на време. Откако секоја од потенцијалните активности ќе застари, ќе ги избришеме личните податоци.

## 5. ДАЛИ ГИ СПОДЕЛУВАМЕ ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ СО ТРЕТИ СТРАНИ?

За да ги постигнеме целите споменати во оваа Политика за приватност и колачиња, мора да дадеме пристап до вашите лични податоци на **субјекти од Групацијата Inditex** и на **трети страни** кои ни овозможуваат поддршка во услугите кои ви ги нудиме, односно:

- **финансиски** институции,
- субјекти за **откривање и спречување на измами**,
- технолошки и аналитички даватели на услуги, некои од нив нудат поддршка за функции како што се Помошникот и Пробај,
- даватели и партнери на услуги поврзани со: логистика, транспорт и испорака и/или нивните партнерски установи,
- даватели на услуги поврзани со **поддршка за клиенти**,
- даватели на услуги и соработници поврзани со **маркетинг и публицитет**, како социјални мрежи, маркетинг агенции или маркетинг партнери.
- јавни органи.

За целите на ефикасноста на услугите, некои од овие даватели на услуги се наоѓаат на територии надвор од Европската економска зона или НАТО кои не нудат ниво на заштита на податоците споредливо со она на Европската Унија. Во такви случаи, ве известуваме дека вашите податоци ќе ги пренесеме со **соодветни заштитни мерки и секогаш ги чуваме безбедни**, користејќи ги најпогодните алатки за меѓународен пренос на податоци, на пример Стандардните договорни клаузули утврдени од Агенцијата за заштита на лични податоци во Република Северна Македонија или одобрени од Европската комисија. Можете да пристапите до Стандардните договорни клаузули (SCC) усвоени од Европската комисија за пренос на лични податоци на следниот линк.: https://commission.europa.eu/law/law-topic/data-protection/international-dimension-data-protection/standard-contractual-clauses-scc_en. Дополнително, Стандардните договорни клаузули (за пренос на лични податоци во трети земји), усвоени од Агенцијата за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, се достапни на следниот линк: https://azlp.mk/kontrolori/obrasci-i-uslugi/.

Пренос на личните податоци од Северна Македонија директно во компании со седиште во или надвор од Европската Унија или Европскиот Економски Простор или НАТО ќе се одвиваат во согласност со

механизмите за пренос на податоци регулирани со Законот за заштита на личните податоци што моментално е во сила во Република Северна Македонија..

Доколку одлучите да ја користите Платформата додека патувате на друга територија, можеби ќе треба да ги споделиме вашите лични податоци со компанијата што работи на таа локација. Ова ќе ни овозможи да го креираме или синхронизираме вашиот кориснички профил, со што ќе ги олесниме вашите купувања на таа дестинација. Законската основа за оваа комуникација е согласноста што ни ја давате, како што е објаснето во дел 3 од оваа Политика за приватност.

Доколку ја продадеме или префрлиме целата или дел од нашата деловна активност или средства на друга компанија во или надвор од Inditex Group или спроведеме каква било друга деловна операција како последица на корпоративни реорганизации, може да ги откриеме вашите лични податоци на потенцијалниот примач на таквите деловни активности или средства. Доколку се случат таква продажба или трансфер, ќе направиме разумни напори да го насочиме примачот да ги користи личните информации кои сте ни ги дале на начин кој соодвестува со нашата „Политика за приватност и колачиња“. Во овој случај, сметаме дека имаме легитимен интерес кој се состои од реорганизација на нашата корпоративна структура.

Покрај тоа, доколку одлучите да ја користите Платформата на други пазари (односно преку креирање регистрирани кориснички сметки на други пазари со истата адреса за е-пошта), може да треба да ги откриеме или префрлиме информациите поврзани за вашиот профил или вашата активност на компаниите или брендот кои раководат со тие пазари, до таму што тие се директно инволвирани во достигнувањето на која било од целите во делот 2. Сметаме дека ова е неопходно во согласност со нашите заеднички интереси и преференции.

## 6. КОИ СЕ ВАШИТЕ ПРАВА КОГА НИ ГИ СТАВАТЕ НА РАСПОЛАГАЊЕ ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ?

Се обврзуваме да ги чуваме вашите лични податоци на доверлив начин и да ви обезбедиме **остварување на вашите права**. Имајќи го предвид тоа, ние Заедничките контролори се согласивме дека вашите права можете да ги остварувате **бесплатно** со тоа што ќе ни пишете преку е-пошта на **единствената адреса за е-пошта** (dataprotection@zara.com), едноставно известувајќи нè за причината за вашето барање и правото што сакате да го остварите. Доколку сметаме дека е неопходно да ве идентификуваме, може да побараме од вас да доставите копија од документ со кој ќе го потврдите вашиот идентитет.

Освен тоа, може да ви понудиме можност да ги остварите своите права и да ги поставите претпочитаните вредности за приватност кога користите некои од нашите услуги или со тоа што ќе ви ставиме на располаје конкретни канали во рамките на нашата Платформа.

Без оглед на целта или правната основа што ја користиме за обработка на вашите податоци, ги особено ги имате следните права:

- Да барате **пристап** до вашите лични податоци што ние ги чуваме. Ве потсетуваме дека ако сте регистриран корисник на Платформата, овие информации можете да ги погледнете во соодветниот дел од вашиот интернет профил.
- Да побарате да ги **поправиме** личните податоци што ги чуваме. Имајте предвид дека ако сте регистриран корисник на Платформата, може исто така да пристапите до соодветниот дел за лични податоци на вашиот интернет профил за да ги промените или ажурирате вашите лични податоци. Во секој случај, имајте предвид дека со активно споделување на вашите лични податоци со нас преку која било постапка, вие гарантирате дека тие се **вистинити и точни** и се обврзувате да нè известите за секоја промена на вашите податоци. Вие ќе бидете одговорни за каква било загуба или штета предизвикана на Платформата или на одговорното лице за Платформата или на трето лице, со давање погрешни, неточни или нецелосни информации во обрасците за регистрација. Запомнете дека, како општо правило, вие мора да ни ги доставите само вашите лични податоци, а не податоци на трети лица, освен до онаа мерка што е дозволена во оваа Политика за приватност и колачиња.

- Да побарате да ги **избришеме** вашите лични податоци до степен до кој тие веќе не се неопходни за целите за кои треба да ги обработуваме, како што објаснивме погоре, или кога веќе законски не ни е дозволено да ги обработуваме.
- Да побарате да го **откажеме или ограничиме обработувањето** на вашите лични податоци, што подразбира дека во одредени случаи, може да побарате од нас времено да ја прекинеме обработката на податоците или да ги задржиме подолго од потребното.

Ако ни дадовте **согласност** за обработка на вашите податоци за која било цел, исто така **имате право да ја повлечете таквата согласност во секое време**. Некои од околностите во кои може да ја повлечете вашата согласност се детално наведени во делот 2 каде што објаснивме за кои цели ги обработуваме вашите податоци.

Доколку не сакате да им испраќаме информации на трети страни за да ви прикажуваат реклами, може да го сторите тоа на неколку начини, како на пример со промена на преференциите на вашиот уред, промена на преференциите на вашиот пребарувач и/или нагодувањата за колачиња, прегледување на политиките за приватност и нагодувањата на социјалните мрежи на кои имате профили или преку праќање е-пошта до нас на погоре наведената адреса за е-пошта информирајќи нè за вашето барање. .

Кога законски ни е дозволено да ги обработуваме вашите податоци поради вашата **согласност** или за целите на одреден **договор**, како што е објаснето во дел 3, исто така ќе имате право да барате **преносливост на вашите лични податоци**. Тоа значи дека ќе имате право да ги добивате личните податоци што сте ни ги доставиле, во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат, за да можете да ги пренесувате на друг субјект директно, без пречки од наша страна.

Покрај тоа, кога обработката на вашите податоци се заснова на нашиот **легитимен интерес**, исто така ќе имате право да се **спротивставите** на обработката на вашите податоци.

Конечно, ве известуваме дека имате право да поднесете жалба пред одговорниот **регулаторен орган** за заштита на податоци, особено пред:

- Шпанските власти за заштита на податоци: (https://www.agpd.es/portalwebAGPD/index-ides-idphp.php),
- властите на земјата каде што се наоѓа компанијата за малопродажба: Дирекција за заштита на лични податоци (Бул. „Гоце Делчев" 18, 1000 Скопје, Република Северна Македонија).

## 7. ШТО СЕ СЛУЧУВА КОГА ЌЕ НИ ДАДЕТЕ ПОДАТОЦИ ОД ТРЕТИ СТРАНИ? ИЛИ ДОКОЛКУ ТРЕТА СТРАНА НИ ГИ ДАЛА ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ?

Нудиме функционалности или услуги кои бараат да ги процесираме личните податоци од трета страна кои вие, како корисник или како клиент, мора да ни ги дадете, како при активирање и испраќање на Картичка за подарок (каде што овие функции се достапни), или кога ќе овластите трета страна да земе нарачка од нашите продавници или партнерски установи. Доколку ни дадете лични податоци од трети страни или доколку е потребно да ги побараме за трета страна да може да земе нарачка во ваше име, потврдувате дека сте ги информирале за целите и начинот на кој мораме да ги процесираме нивните лични податоци.

Доколку трета страна ни ги дала вашите податоци или сте ги дале вие самите како резултат на функција или услуга побарана од некој од нашите корисници, ќе ги искористиме за да ја раководиме функцијата или услугата за која станува збор во секој случај, во рамките на целите дадени во Политиката за приватност и колачиња, до која секогаш има достапно пренасочување во нашата комуникација.

## 8. ПРОМЕНИ НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПРИВАТНОСТ И КОЛАЧИЊА

Може да ги измениме информациите содржани во оваа Политика за приватност и колачиња кога ќе сметаме дека е тоа соодветно. Доколку го сториме тоа, ќе ве известиме преку различни процедури преку Платформата (на пр., преку банер, скок-прозорец или „push“ известување), или може да ви испратиме известување на вашата е-пошта кога промената е релевантна за вашата приватност, за да можете да ги разгледате промените, да ги процените и, доколку треба, да се спротивставите или да се откажете од некоја услуга или функција. Во секој случај, ви предлагаме да ја проверувате оваа Политика за приватност и колачиња од време на време, во случај да се направени мали измени или интерактивни подобрувања, користејќи ја можноста секогаш да ја најдете како постојано место за информации на нашата веб-страница и нашата апликација.

## 9. ИНФОРМАЦИИ ЗА КОЛАЧИЊА

Ние користиме колачиња и слични уреди за да го олесниме пребарувањето во Платформата, да разбереме како комуницирате со нас и, во одредени случаи, да можеме да ви прикажеме реклами во согласност со вашите навики на пребарување. Прочитајте ја нашата Политика за колачиња за подетално да ги разберете колачињата и сличните уреди што ги користиме, нивната намена, како да ги поставите преференциите, како и други информации од интерес.

## Политика за колачиња

### ПРЕД ДА ЗАПОЧНЕТЕ...

Во оваа Политика за Колачиња ќе најдете информации за тоа како ги употребуваме колачињата и сличните уреди кои се инсталирани во терминалите на нашите клиенти и корисници. Во одредени случаи, употребата на колачиња може да биде поврзана со процесирањето на личните информации, па препорачуваме да ја погледнете Политиката за приватност, достапна на нашата Платформа, доколку сакате информации околу тоа како ги користиме личните податоци на нашите потрошувачи и корисници, како да ги остварите вашите права, или терминологијата која ја користиме за да упатиме на нашата Платформа (Веб, апликација или физички продавници).

### ИНФОРМАЦИИ ЗА КОЛАЧИЊА

1. **<u>Што е Колаче?</u>**

Колаче е мала текстуална датотека која една веб-страница, апликација или платформа ја складира на вашиот компјутер, таблет, паметен телефон, или било кој друг сличен уред, со информации за вашето пребарување или употреба, како ознака која го идентификува вашиот уред. На пример, колачињата се потребни за да се олесни пребарувањето и за да се запознае начинот на кој корисниците комуницираат со платформите, за истите да можат да се подобрат. Исто така се многу корисни при понудата на реклами според претпочитањата на корисникот, како и за други цели кои се објаснети подоцна. Колачињата не го оштетуваат вашиот компјутер или уред.

Кога зборуваме за „Колачиња“, исто така мислиме и на други слични технологии за инсталирање и/или собирање информации во или на вашиот уред (како flash cookies, web beacons или bugs, pixels, HTML5 (локално складирање), и SDK технологии за формати на апликации. Покрај тоа, терминот „Колачиња“ се однесува и на употребата на техники за земање отпечатоци, односно, оние техники за комбинирање информации, кои ни помагаат да го идентификуваме вашиот уред. Понекогаш овие технологии работат заедно со колачињата за да соберат и складираат информации, со цел да ви овозможат одредени функционалности или услуги на нашата Платформа, или да ви прикажат реклами на платформи од трети страни, земајќи го предвид вашето пребарување.

Ова објаснување е општ пример за тоа што се подразбира под Колачиња само за информативни цели. Колачињата кои ги користиме на одреден начин се прикажани во панелот за конфигурирање на колачиња, достапна на нашата Платформа.

2. **<u>Какви типови Колачиња постојат?</u>**

Ве молиме, прегледајте го овој дел кој дава општ преглед на типовите Колачиња кои можат да се користат во онлајн опкружување.

Според сопственикот на Колачињата, тие можат да се класифицираат во:

a. Сопствени Колачиња: Тоа се оние кои се испраќаат на компјутерот или уредот на корисникот, од компјутер или домен управуван од самиот уредник, и од кои се нуди платформата или услугата што ја бара корисникот.

b. Колачиња од трети страни: Тоа се оние кои се испраќаат на компјутерот или уредот на корисникот, од компјутер или домен со кој не управува уредникот, туку од друг субјект кој ги процесира податоците добиени преку колачиња.

Во зависност од целта на Колачето, тие можат да се класифицираат во:

a. Строго потребни (технички) Колачиња: Тоа се оние кои му овозможуваат на корисникот да пребарува на една веб-страница, платформа или апликација и да употребува различни опции или услуги кои постојат во нив. Како на пример, контрола на сообраќајот, идентификација на податоци или сесија, пристапување до делови или содржина со ограничен пристап, запомнување на елементите кои ја сочинуваат нарачката, спроведување на процесот за купување на нарачката, управување со плаќањето, контрола на измама поврзана со безбедноста на услугата, користење безбедносни елементи при пребарувањето, поднесување барање за регистрација или учество во настан, складирање содржини за емитување на видеа или звук, овозможување динамични содржини (на пример, анимација при вчитување на текст или слика) или споделување содржини преку социјалните мрежи. Бидејќи техничките колачиња се строго потребни, стандардно се преземаат кога овозможуваат прикажување на платформата или обезбедување на услугата што ја бара корисникот.

b. Колачиња за функционалност или персонализација: Овие Колачиња се оние што овозможуваат запомнување на информациите, така што корисникот пристапува до услугата или платформата со одредени карактеристики кои можат да го разликуваат неговото искуство од искуството на другите корисници, како што се, на пример, јазикот, бројот на резултати што треба да се прикажат кога корисникот извршува пребарување, изгледот или содржината на услугата во зависност од видот на пребарувачот што го користи корисникот или регионот од каде се пристапува на услугата итн. Неприфаќањето на овие Колачиња може да доведе до бавно работење на веб-страницата или слабо прилагодени препораки.

c. Колачиња за анализа: Тоа се оние што овозможуваат квантифицирање на бројот на корисници, деловите посетени на платформата и како тие комуницираат со неа, за да се изврши мерење и статистичка анализа на употребата од страна на корисниците, со цел да се воведат подобрувања засновани на анализата на податоците за употреба направени од корисниците на платформата или услугата.

d. Колачиња за бихејвиористичко рекламирање: Тое се оние што складираат информации за однесувањето на корисниците добиени преку континуирано набљудување на нивните навики на пребарување, што овозможува развој на специфичен профил врз основа на кој би се прикажувале реклами. Овие Колачиња овозможуваат управување, на најефикасен можен начин, со рекламните простори кои, доколку е применливо, уредникот ги вклучил директно или во соработка со трети страни.

## 3. <u>За што се користат Колачињата на нашата платформа?</u>

Колачињата се суштински дел од работата на нашата Платформа. Главната цел на нашите Колачиња е да го направат искуството на пребарување поудобно и поефикасно. На пример, тие се користат за да ги запомнат вашите претпочитања (јазик, земја, итн.) за време на пребарувањето и при идните посети. Исто така ги користиме нашите Колачиња за постојано подобрување на нашите услуги и Платформа, како и за да можеме да понудиме персонализирано рекламирање засновано врз вашите навики на пребарување.

Информациите собрани во Колачињата исто така ни овозможуваат да ја подобриме нашата Платформа преку проценка на статистичките податоци и шеми на користење (број на посети, најпосетувани делови, време на посета, итн.), за да знаеме на статистички начин како корисниците комуницираат со Платформата, со цел да ги подобриме нашите услуги, како и да ја прилагодиме Платформата кон вашите индивидуални интереси, забрзување на пребарувањата итн.

Понекогаш можеме да ги користиме Колачињата за да добиеме информации што ни овозможуваат да прикажуваме реклами од нашата платформа, платформи на трети страни или на кој било друг начин, врз основа на анализата на вашите навики на пребарување (посетени производи, консултирани делови, итн.).

Во секој случај, во Колачињата што ги користиме, ние <u>никогаш</u> не складираме чувствителни информации како лозинки, детали за кредитни или дебитни картички итн.

## 4. Како можам да ја управувам употребата на Колачиња на оваа Платформа?

Во панелот за конфигурација на Колачиња, достапен во секое време на нашата Платформа, ќе можете да ги добиете сите информации за Колачињата што ги користи Платформата, заедно со информации во врска со целта, времетраењето и управувањето (сопствено или од трети страни) на секое од нив, за да можете да управувате со активирање и деактивирање на употребата на оние Колачиња кои не се строго потребни за работењето на Платформата.

Кога ги оневозможувате колачињата, секогаш кога е можно, засегнатите колачиња се бришат од вашиот прелистувач и, во секој случај, кога ќе одбиете колаче, но не е можно да го избришете, секогаш продолжуваме кон негово блокирање. Затоа, никогаш нема да ги користиме колачињата што ги одбивате и ќе се потрудиме да ги избришеме (имајте предвид дека одредени механизми за бришење се надвор од наша контрола, бидејќи зависат од третата страна одговорна за колачето).

Ако пребарувате на интернет, можете да ја оневозможите употребата на Колачиња на вашиот пребарувач, исто така во однос на колачињата од трети страни кои сте ги прифатиле и последователно сакате да ги отфрлите. Ви покажуваме како да го направите тоа во најпопуларните пребарувачи:

- Google Chrome
- Internet Explorer
- Mozilla Firefox
- Safari

Можноста за избегнување на употребата на Колачиња може да се направи во секое време.

Ве молиме, имајте предвид дека и управувањето со панелот за конфигурација на Колачињата и вашата опција за одбивање на Колачињата се специфични за секој пребарувач што го користите. Затоа, ако изберете да ги конфигурирате Колачињата на еден начин на еден уред и сакате вашата опција да се примени на сличен начин на друг уред, мора да ја активирате истата опција за другиот уред.

Како дополнителен чекор, во однос на Колачињата од трети страни, со цел обезбедување на рекламирање засновано врз вашите интереси, имајте предвид дека одредени трети страни може да бидат членови на која било од следниве саморегулаторни онлајн програми за бихејвиористичко рекламирање, со соодветните опции за доброволно откажување:

- Network Advertising Initiative (NAI) - http://www.networkadvertising.org/choices/
- Google Analytics - https://tools.google.com/dlpage/gaoptout
- Мета - https://www.youronlinechoices.com/

## 5. Кој ги користи информациите складирани во Колачињата?

Информациите складирани во Колачињата на нашата Платформа ги користиме исклучиво ние, освен оние идентификувани во делот 2 како „Колачиња од трети страни“, кои се користат и управуваат од надворешни субјекти за да ни обезбедат услуги насочени кон подобрување на нашите услуги и искуството на корисникот кога ја пребарува нашата Платформа. Повеќе информации ќе најдете во панелот за конфигурација на Колачиња достапен во секое време на нашата Платформа.

За да добиете подетални информации во врска со обработката на вашите лични податоци при нашата соработка со трети страни и оние кои се предмет на меѓународен трансфер на податоци, препорачуваме да ја прочитате нашата Политика за приватност достапна на нашата Платформа и политиките за приватност / параметри за приватност на овие соработници од трети страни достапни преку нивните платформи.

Еве ги најрелевантните трети страни на кои им дозволуваме да поставуваат колачиња на нашата платформа. Дознајте повеќе за тоа како овие трети страни ги обработуваат вашите информации:

- Сајт за безбедност на бизнисот на Google
- Microsoft
- Meta
- Pinterest